Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 554 www.mchamber.mk 22.12.2023




## ИЗВОЗОТ, НАПРЕДНИТЕ ТЕХНОЛОГИИ, ЕНЕРГЕТИКАТА, ЕВРОПСКАТА БИЗНИС МРЕЖА

### КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

27.12.2023, Семинар Воспоставување систем за управување со човечки ресурси (hrms-human resources management system)

24.01.2024, Семинар Мотивација и задржување на вработените – како со gen z?



Награда за Азески за неговиот придонес во одржување и развој на македонското стопанство



Странските инвеститори очекуваат политичка стабилност и деловна предвидливост за инвестирање во земјава



# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## ОДРЖАН НАСТАН НА ТЕМА: МЕХАНИЗАМ ЗА ЈАГЛЕРОДНО ГРАНИЧНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО СЕКТОРОТ ЖЕЛЕЗО И ЧЕЛИК




Како дел од активностите на двата УСАИД проекти: „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција" и „Партнерства за економски раст", во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија се одржа информативен настан на тема „Механизмот на ЕУ за јаглеродно гранично прилагодување: Концепт, имплементација и предизвици", во коорганизација со Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо.

Преку настанот компаниите подетално се информираа за Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување (Carbon Border Adjustment Mechanism – CBAM) за имплементација во секторот железо и челик и тоа за: барањата и постапките поврзани со имплементацијата на Механизмот во нивниот сектор, и што тие треба да направат за истите да ги исполнат и непречено да ја продолжат својата деловна соработка со европските партнери.

Индустријата за железо и челик како доста засегната гранка има значително учество во македонскиот извоз во ЕУ и вклучува многу домашни компании во моментов се соочуваат со предизвикот да го разберат начинот на функционирање на Механизмот и да го усогласат своето работење со новите правила за настап на европскиот пазар.

Г-дин Денис Иванов од Хрватска, консултант за технолошки процеси/инсталации и акредитиран верификатор за емисии на стакленички гасови (GHG) и Системот за тргување со емисии на ЕУ (EU ETS - Emissions Trading System) пред присутните детално ги претстави: постапката за известување, како и правилата и барањата на Механизмот во контекст на секторот за железо и челик и нивна имплементација на долг рок.

# ИЗВОЗОТ, НАПРЕДНИТЕ ТЕХНОЛОГИИ, ЕНЕРГЕТИКАТА, ЕВРОПСКАТА БИЗНИС МРЕЖА: Стопанската комора и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги проширувaат заедничките активности за поддршка на македонската економија



Засилување на врската помеѓу науката и бизнис секторот преку заеднички проектни активности, како и градење на заеднички ставови и иницијативи кои ќе ја поддржат конкурентноста на домашната економија беа темите на денешната работна средба меѓу претседателот на Стопанската комората Бранко Азески и ректорката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) проф. д-р Биљана Ангелова.

На состанокот Азески ја истакна важноста на трансферот на знаење и иновации меѓу бизнисот и образованието, односно науката, како средство за постигнување на остварлив и одржлив економски раст. Двете институции веќе соработуваат на заеднички проекти поврзани со енергетиката, поттикнување на соработката меѓу домашните и странските инвеститори во државата, како и поголемо вклучување на нашите бизниси во Европската мрежа на претпријатија. Но соработката ќе се издигне на повисоко ниво, при што ќе бидат формирани посебни тимови од страна на Комората и на Универзитетот се со цел да се искористат кадровскиот потенцијал и целокупните ресурси на двете институции.

„Верувам дека заедно можеме полесно да ги надминеме предизвиците со кои се соочува нашата економија и да го обликуваме идниот период на развој и напредок. Нашата заедничка иницијатива и стратегија ќе биде насочена кон зголемување на соработката, нови проектни активности, но и подигнување на стандардите, за што ќе го вклучиме целиот кадровски потенцијал и ресурсите кои не се искористени во целост и во Комората и на Универзитетот. Сакам да потенцирам дека кадровскиот потенција на УКИМ има тежина не само за бизнисот, туку и за целата држава“, нагласи Азески.

На состанокот во Стопанската комора ректорката Ангелова беше придружувана од деканот на Факултетот за електротехника и информациски технологии проф. д-р Владимир Атанасовски, проектниот координатор на „Европската мрежа на претприемништво“ (ЕЕНОМА) проф. д-р Виктор Стојмановски и проектниот советник на ЕЕНОМА м-р Бети Костадиновска Димитровска.

Ректорката проф. д-р Ангелова искажа подготвеност за зголемување на соработката со бизнис секторот во повеќе области. Оцени дека развојните иновации и технолошкиот трансфер, практиканството, истражувачките центри на Универзитетот, кадровскиот потенцијал се само некои од точките за кои двете институции може да постават повисоко ниво на соработка. Но и дека соработката ќе се проширува согласно насоките кои дополнително ќе ги дадат двете работни групи на Комората и на УКИМ.

Стопанската комора веќе десет години наназад реализира проекти каде партнери се и универзитетите. Реализирани се четири проекти во рамки на иницијативата на Европската унија за енергетска ефикасност во партнерство  со УКИМ- Факултетот за електротехнички и информациски науки (ФЕИТ) во кои компаниите, преку енергетските асоцијации во Комората, се вклучени во процесите на примена на нови технологии, обуки за обновливи извори на енергија, подигнување на свесноста за енергетска ефикасност, но и разни конференции и панел дискусии каде компаниите меѓу себе се вмрежуваат и разменуваат знаења и искуства.

Дополнително, Стопанската комора реализираше и проекти заедно со УКИМ-Машинскиот факултет во насока на поттикнување на соработката помеѓу домашните и странските инвеститори во државата.

Еден од клучните проекти е и проектот Европска мрежа на претпријатија кој заедно со УКИМ се работи повеќе од десет години.

# „Бизнис со цел“- Како да ги водиш вработените во предизвикувачки времиња




Успешно реализирана Конференцијата и панел дискусијата насловена како „Бизнис со цел“, а главна компонента на истата беше : Како да ги водиш вработените во предизвикувачки времиња -Нови концепти на менаџмент- 15 декември 2023, х.Александар Палас.

Конференцијата беше во реализација на Dr.Gilbert Академија од Белград, а во ко-организација и поддршка на Стопанската комора на Северна Македонија.

На конференцијата присуствуваа менаџери од сите гранки на стопанството, каде заеднички споделија докажани теории и практики во служба на човечкиот и одрживиот бизнис.

Конференцијата ја отворија и дадоа поздравен говор: Ана Ристовски од Dr.Gilbert Академија од Белград и Елизабета Андриевска-Ефтимова од Комората.

Првиот дел на конференцијата беше посветен на Драгиша Ристовски, основач и сопственик на Dr.Gilbert Академија од Белград, кој со својата визија и позитивна енергија ги воведе присутните во темите за менаџмент во криза и предизвиците и можните решенија што ги наметнуваат предизвикувачките времиња. Неговата презентација беше надополнета од страна на Бранко Грегановиќ, претседател на УО на НЛБ Банка кој говореше како „Бизнисот со цел“ може да биде генератор на позитивни промени.

Следуваше панел дискусијата каде панелисти беа претседателот на Стопанската комора на С.Македонија, Бранко Азески, а во негово друштво беа препознатливи менаџери од врвни регионални компании со седишта во Македонија: Бранко Грегановиќ, претседател на УО на НЛБ Банка, Сашко Блажевски, извршен директор на Нелт Македонија, Маја Станкоска, извршен директор на Кроација Осигурување – Живот АД Скопје и Петар Денковски– извршен директор на Веро Скопје.

Азески како препознатлив авторитет во бизнис заедницата, како и останатите панелисти дадоа инспиративни и клучни одговори на прашањата:

- Дали успехот на компанијата во новиот милениум се мери само со профит или со бизнис со цел?
- Машините се одлични, но во каква состојба ни се вработените, кој модел да се користи да ги задржиме и да им ја зголемиме продуктивноста?
- Намалување на јазот помеѓу топ менаџментот и работниците и како да успееме да делиме иста визија?

Во преполната сала каде беше собрана голем дел од бизнис заедницата и кои ги споделуваат истите вредности, пораката на присутните беше иста. На државата пред сè и е потребно поквалитетно образование, култура, подобра политичка и социјална атмосфера и подигнување на едукацијата на работниците која е значаен сегмент за успехот на една компанија. Само со квалитетно образование и дополнителна едукација се добива подобар и поквалитетен кадар кој ќе ја дели истата визија со лидерот и ќе ја исполни целта на бизнисот.

Оваа конференција беше одлична можност присутните да согледаат некои можности и решенија, а со единствена цел подобрување на работната средина, можност за вмрежување и споделување на позитивни практики, но и уживање во приказните на успешните панелисти и предавачи.

## Странските инвеститори очекуваат политичка стабилност и деловна предвидливост за инвестирање во земјава



Советот на странски инвеститори во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија ги презентираше од анкетата за странските директни инвестиции во земјава „Бизнис и инвестициски индикатор 2023“ со посебен осврт на актуелните состојби, ограничувачките фактори, идните трендови и очекувањата на компаниите со странски капитал за идната година.

Резултатите од анкетното истражување пред новинарите, пред претставници на компаниите членки, странски амбасади и институции во земјава ги презентираа г-н Виктор Мизо, генерален директор на „Костал Македонија“ и претседател на Советот, г-н Никола Љушев, генерален директор на „Македонски Телеком“ и г-н Волфганг Мајер, генерален директор на „ЕВН Македонија“ во својство на потпретседатели на Советот.

Анкетата која е спроведена во периодот од 23 ноември до 12 декември годинава опфаќа странски компании членки на Советот со остварен годишен приход над



7,7 милијарди евра, годишни инвестиции од преку 400 милиони евра, со над 38 илјади вработени и учество од 78% во вкупниот извоз на земјава.

Претежно тоа се компании од производствениот сектор (70%), услуги (20%) и трговија (10%) од САД, Канада, Германија, Валика Британија, Белгија, Грција, Словенија, Турција, Тајван итн.

Само 43% од испитаните странски инвеститори во земјава би донеле одлука во овој момент да инвестираат во земјава, а како најголем ризик за развојот на нивните инвестиции гледаат во недостигот на стручна работна сила, високата инфлација и корупција, зголемени трошоци за енергенси, правната неизвесност, како и непредвидливоста на економските политики на државата.

Резултатите од анкетата покажуваат релативно влошување на задоволството на компаниите од инфраструктурата на локацијата на која работат. Така, 53% од испитаниците одговориле дека се делумно задоволни, а 10% дека се задоволни. Не се задоволни 37% од анкетираните.

Во однос на оценката за задоволството од работењето на институциите задолжени за aftercare услуги 56% од испитаните компании одговориле дека квалитетот на услугите е намален или еднакво неповолен во споредба со изминатите години, со објаснување дека ниеден или многу малку предлози и препораки се прифатени од страна на релевантните институции.

Во однос на остварените резултати во тековната година, 45% од испитаниците забележале пад на обемот на планиранито производство како резулатат на намалените нарачки од странство, недостатокот на суровини и репроматеријали, како и недостиг на работна сила. И покрај ваквиот пад на обемот на производство бројот на вработени кај анкетираните странски компании во 2023 година бележи раст за 9% или вкупно 38.000 вработени лица.

На пазарот на трудот, компаниите најтешко доаѓаат до инженерски и технички кадар, а како причина за недостатокот на работна сила се посочуваат: одливот на кадарот во странство, недоволното практично искуство и знаење и недоволниот интерес за работа во индустрискиот сектор.

На прашањето за финанската поддршка и државната помош која ја добиваат, вкупно 74% од анкетираните компании сметаат дека се потребни нови финансиски мерки за ублажување на последиците актуелната економска ситуација, пред се наменети за одржување на бројот на вработените, финансиска поддршка за зголемување на платите на вработените, како и за одржување на ликвидноста.

# УЧЕНИЦИТЕ НА ПРАКТИЧНА ОБУКА - ИДЕН КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ



Стручното образование ја добива својата димензија само доколку деловните субјекти може веднаш да го вработаат кадрот кој излегува од образовниот процес без притоа дополнително да вложуваат во него. Тоа бара партиципативност од сите заинтересирани страни во процесот: и од страна на образовните институции, и од страна на деловните субјети, и од страна на учесниците во обуката.

Хотелот „Силекс“ од Кратово (Хотел „Кратис“, Кратово) ја согледа можноста преку практичната обука да креира сопствен кадар и затоа вложува во подготовката и обезбедувањето стручни и организациски вештини кај учениците. Хотелот има долгогодишна традиција во соработката со СОУ „Митко Пенџуклиски“ од Кратово и добри практики во процесот на реализација на практична обука на ученици од стручното училиште за квалификацијата угостителски техничар за рурален туризам. Реализацијата на практичната обука на реално работно место е добра алатка за развивање на широк спектар на вештини. Учениците учат нови стручни вештини и истовремено ги надградуваат меките вештини кои ги поседуваат, а сето тоа може да им помогне во личниот и работниот живот подоцна.

Процесите нема да имаат додадена вредност доколку фокусот не се стави на квалитетот во реализацијата на практичната обука, а тоа беше препознаено од раководниот тим на Хотелот „Силекс“ од Кратово (Хотел „Кратис“, Кратово)



кои обучија ментори за реализација на практичната обука и ја верификуваа компанијата за практична обука.

Верификацијата на компанијата Хотел „Силекс“, Кратово, како и обуката и сертификацијата на менторите беше реализирана од страна на Стопанската комора која се грижи за квалитетот на реализацијата на практичната обука на учениците во компаниите преку едукација од обучени и искусни ментори и обезбедени услови, простор и опрема во согласност со квалификацијата за која се стекнуваат вештините и компетенциите.

Хотелот „Кратис“, Кратово е угостителски објект кој се наоѓа во центарот на градот Кратово и располага со капацитет од 23 соби и 3 конференциски сали. Хотелот Кратис претставува спој на традиционалното со модерното, спој на руралното со урбаното, спој на квалитетот со професионализмот.



**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 27.12.2023**

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (HRMS-HUMAN RESOURCES MANAGEMENT SYSTEM)

Целта на семинарот е пред се` да се развие свеста дека човечките ресурси, т.е. човекот не е најважен ресурс само на харитја или само за да се напише тоа на сајт, туку е во суштина најважен ресурс на секој процес во која било компанија. Затоа, на човечките ресурси не можеме да им пристапиме само како на позиција за кадровска евиденција, туку мораме исите стратешки да ги планираме, да ги обезбедиме, да управуваме со нивната работа, да ги развиеме итн.

Другата цел на семинарот е да се понудат насоки, упатства и добра пракса како во Вашата организација, која е засебно специфична, да воспоставите систем на управување со човечките ресурси (HRMS), и тоа адекватен за вашата бранша, организациска структура, специфични процеси и постојната корпоративна клима.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за менаџери, раководители, тим лидери и вработени во човечки ресурси и во правен сектор, како и за менаџери од сите нивоа (топ, среден и линиски), сопственици на компании и останати вработени кои сакаат да го прошират и усовршат своето знаење по дадената проблематика.

Предавач: Слободан Аќимовиќ, директор и водечки консултант во компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад. Дваесетгодишно искуство на позиции директор во различни области („Mitros Music“ - Белград (увоз, дистрибуција и продажба на музички инструменти и опрема), „ABC Proizvod“ - Ужице (производство на котли за централно греење), „Mobes Quality“ - Нови Сад (консултантска куќа); Lead auditor за ISO 9001, ISO 27001, проект-менаџер по PMI-методологија итн. Како директор на компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад, од 2010 година раководи со тим на консултанти за имплементација на системи на менаџмент во организации во Србија, Црна Гора и БиХ.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 24.01.2024**

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се “нелогични” и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не остануваат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 24 јануари 2024 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?”. На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

101

*година*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088